ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА

ГИМ-С-812-001.08

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

ГИМ СЕРТИФИКАЦИЈА во рамките на претпријатието ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ “МАКЕДОНИЈА” АД е специјализирано за сертификација на градежни производи, со препознатливи принципи во работењето: професионалност, независност, непристрасност, доверливост и квалитет.

Од развојната визија на ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ “МАКЕДОНИЈА” АД произлегува обврската да градиме Сертификациско тело способно да испорачува услуги за сертификација кон корисниците, со највисок можен квалитет, преку постојано следење на современите методи, технологии и постојано унапредување на Системот за менаџмент со сертификација воспоставен според барањата на стандардот.

МКС EN ISO/IEC 17065:2012,
Оцена на сообразност – Барања за телата за сертификација на производи, процеси и услуги

**Цели на оваа Политика за квалитет се:**

Насоченост кон корисниците

Зголемување на задоволството на корисниците од добиената услуга како резултат на ефикасноста, квалитетот, непристрасноста, доверливоста, добрата професионална практика и деловна етика

Однос кон добавувачите

Унапредување на соработката со добавувачите која се темели на партнерство, взаемна доверба и комплементарни принципи во деловното работење

Лидерство

Со постојано усовршување во областа на сертификација на градежни производи, да се задржи лидерската улога во национални рамки

Вработени

Унапредување на стекнатите знаења преку континуирано стручно усовршување на вработените и следење на современите методи и барања за сертификација на градежни производи

Компетентност

Обезбедување компетентно и одговорно спроведување на сертификациите во согласност со методите, договорените барања и законските прописи

Одговорност

Јакнење на свеста кај вработените за индивидуална и колективна одговорност при работењето на Сертификациското тело и одржување и развој на Системот за менаџмент со сертификација.

Скопје, Мај 2015

Раководител на ГИМ СЕРТИФИКАЦИЈА

Златко Илиевски

______________________